**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

**за КУП натпреварување на Фудбалската Федерација на Македонија**

**за сезона 2026/2027 (Сениори)**

**Скопје, јули 2026 година**

Врз основа на член 40, став 1, точка г) од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и член 15 од Правилникот за натпреварување на Фудбалската Федерација на Македонија, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 09.07.2026 година, донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА СЕЗОНА 2026/2027

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### *Член 1*

1. Фудбалскиот куп на ФФМ во сениорска конкуренција е редовно натпреварување.
2. Во фудбалскиот куп на ФФМ можат да учествуваат сите сениорски екипи, вклучени во системот на натпреварување (11/11), во Фудбалската Федерација на Македонија.
3. Фудбалскиот куп се организира во 2 (два) дела:
   - квалификациони натпревари до шеснаесетфинале, кои ги организира соодветната Трета лига (Регион);
   - натпревари од шеснаесетфинале до/и финалниот натпревар, кои ги организира ФФМ.

### *Член 2*

1. Куп натпреварувањето се организира во 2 (две) натпреварувачки сезони.
2. Натпреварувањето до шеснаесетфинале - квалификации се организира во пролетниот дел од натпреварувачката сезона 2025/2026, а по исклучок може да го опфати и/или периодот по завршување на пролетниот дел од натпреварувачката сезона 2025/2026.
3. Натпреварувањето од шеснаесетфинале до/и финалниот натпревар се организира во тековната натпреварувачка сезона 2026/2027.
4. Календарот за натпреварување до шеснаесетфинале го донесува органот кој раководи со квалификациите за КУП-натпреварувањето до шеснаесетфинале.
5. Календарот за натпреварување од шеснаесетфинале до финале го донесува Комисијата за натпревари на ФФМ, а го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАР И СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

### *Член 3*

1. За организација на натпревар во КУП-натпреварувањето е одговорен клубот-домаќин.
2. Секој клуб-домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар, согласно Правилникот за натпревари на ФФМ и соодветните пропозиции на учесниците во натпреварувањето до шеснаесет финале.
3. Клубовите учесници во КУП-натпреварувањето од шеснаесетфинале до финале, ги

организираат куп-натпреварите во согласност со Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за Прва МФЛ.

4. Клубовите учесници во КУП-натпреварувањето имаат обврска да се грижат за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот, согласно Правилникот за безбедност на ФФМ.
5. Клубот-домаќин и клубот-гостин имаат обврска да се придржуваат на Протокол за спроведување на мерки за заштита, пропишан од надлежен државен орган.

***Член 3а***

1. Доколку клубот-домаќин на полуфинален натпревар од КУП-натпреварувањето нема инфраструктурни услови за примена на ВАР технологија на стадионот пријавен за одигрување на натпреварите, натпреварот ќе се одигра на друг стадион кој ги исполнува инфраструктурните и техничките услови за примена на ВАР технологија, за што е должен да ја извести Комисијата за натпреварување на ФФМ најдоцна 7 (седум) дена пред одигрувањето на натпреварот.
2. На натпреварите на кои се користи ВАР технологија, клубот-домаќин е должен да обезбеди соодветен пристап и паркинг за репортажно возило, техничка просторија со соодветно напојување и ладење, простор за мобилна станица за преглед на снимка на терен (RRA) со 24 инчен резервен монитор, платформи за камери, резервен агрегат за струја, соодветни електрични и мрежни приклучоци, како и други пропишани инфраструктурни и технички услови потребни за непречена примена на ВАР технологијата, во согласност со FIFA IAAP, кои за времетраење на натпреварот мора да бидат чувани со физичко обезбедување (редарска служба) од страна на клубот-домаќин и до кој ќе се обезбеди исклучиво ограничен пристап.
3. Доколку натпреварот се игра со примена на ВАР технологија, клубот-домаќин е должен да обезбеди најмалку 1 (едно) стручно техничко лице (пр: електро инженер, ИТ систем инженер, мрежен инженер итн.), кое ќе биде присутно и ќе овозможи стручна и логистичка поддршка на надворешните технички екипи, кои се должни да ја инсталираат ТВ и ВАР опремата на стадионот најмалку 3 (три) часа пред отпочнување на натпреварот, како и на службените лица при вршењето на нивната должност.
4. Стручното техничко лице од клубот-домаќин за времетраењето на натпреварот задолжително е позициониран веднаш до мобилната станица за преглед на снимка на терен (RRA).
5. Комисијата за натпреварување на ФФМ, по претходно мислење од Судискиот одбор на ФФМ, може да донесе одлука за примена ВАР технологија на одредени натпревари пред полуфиналните натпревари, доколку за тоа постојат соодветни инфраструктурни и технички услови на стадионот.

***Член 4***

1. Службените лица (делегат, судии и контролор) на Куп-натпреварувањето, до шеснаесетфиналето, ги определуваат надлежните органи: Комесар (Комисијата) за натпревари, Судиската комисија на ОФС/Регион, во зависност од начинот на организирање

во рамките на Регионот.

2. Службените лица на Куп-натпреварувањето од шеснаесетфинале до финале, вклучително и финалниот натпревар, ги определуваат надлежни органи на ФФМ.
3. Правата и обврските на службените лица на натпреварите се утврдени во Правилникот за натпревари на ФФМ, Пропозициите за Третите лиги (до шеснаесетфинале) и Пропозициите за Прва МФЛ (од шеснаесетфинале).
4. Службените лица на Куп натпреварувањето имаат обврска да се придржуваат на Протоколот за спроведување на мерки за заштита, доколку таков Протокол е пропишан од надлежен државен орган, во понатамошниот текст и само Протокол.

***Член 5***

1. Клубот за предметниот натпревар одредува службени лица на клубот (претставник, шеф на стручен штаб, тренер, помошник тренер, лекар и физиотерапевт).
2. Постапувањето и обврските на службените лица на клубот е регулирано во Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за првенственото натпреварување, каде што екипата се натпреварува.

## ПРЕКРШОЦИ, ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ И ПРАВО НА ЖАЛБА

***Член 6***

1. Јавните опомени (жолти картони), добиени на КУП натпреварување, важат само за соодветното Куп-натпреварување.
2. После секоја трета јавна опомена, фудбалерот или службеното лице на клубот, последователно на наредниот куп натпревар, издржува автоматска казна - забрана на играње на 1 (еден) натпревар.
3. За секоја јавна опомена и исклучување, се плаќа автоматска парична казна.
4. Во случај на исклучување поради втор жолт картон, не се изрекуваат посебни парични казни за жолтите картони добиени на истиот натпревар, туку се изрекува единствено паричната казна предвидена за црвен картон, во зависност од рангот на екипата која се натпреварува.
5. Износот на автоматските парични казни до шеснаесетфинале, се утврдуваат согласно висината на автоматските казни утврдени во Пропозициите за Втора МФЛ (доколку двата тима се второligaши), односно Третите лиги.
6. Износот на автоматските парични казни од шеснаесетфинале до/и финале, се пресметува согласно висината на автоматските казни утврдени во Пропозициите за Прва МФЛ.
7. Фудбалерите или службените лица на клубот, кои учествуваат во финалниот куп натпревар, имаат право на настап на финалниот куп натпревар, независно од бројот на претходно добиените жолти картони. Жолтите картони добиени во претходните натпревари не се пренесуваат во финалниот куп натпревар.

***Член 7***

1. За пропусти, прекршоци и непочитување на обврските поврзани со организација и тек на

натпревар до шеснаесетфинале, за кои е предвидена автоматска казна, соодветно се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари и Пропозициите на Втора МФЛ (доколку двата тима се второligaши), односно Третите лиги, кои се на сила за време на одигрување на квалификационите натпревари до шеснаесетфинале, бидејќи истите се одигруваат за времетраење на пролетниот дел на натпреварувачката сезона која претходи на ова куп натпреварување.

2. За пропусти, прекршоци и непочитување на обврските поврзани со организација и тек на натпревар, за натпреварите од шеснаесетфинале до финале, вклучително и финалниот натпревар, а за кои е предвидена автоматска казна, соодветно се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари и Пропозициите на Прва МФЛ од тековната натпреварувачка сезона 2026/2027.
3. За дисциплинските прекршоци, предвидени во Дисциплинскиот правилник на ФФМ, како и непочитување на обврските кои произлегуваат од овие и другите поврзани пропозиции, соодветно се применуваат одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

***Член 8***

1. Во врска со постапката, роковите и правото на жалба за натпреварите до шеснаесетфинале, се применуваат одредбите од погоренаведените Пропозиции на Втора МФЛ (доколку двата тима се второligaши), односно Третите лиги. За натпреварите од шеснаесетфинале до финале, вклучително и финалниот натпревар, се применуваат одредбите од Пропозициите на Прва МФЛ за тековната натпреварувачка сезона.

**ПРАВО НА НАСТАП**

***Член 9***

1. На куп натпреварите, право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, а на денот на натпреварот не се помлади од 17 (седумнаесет) години.
2. Со право на настап се стекнуваат и фудбалерите кои, на денот на натпреварот наполниле 16 (шестнаесет) години и имаат специјален лекарски преглед.
3. Сите клубови, учесници во куп натпреварите од шеснаесетфинале до финале, натпреварот мора да го започнат и завршат со 1 (еден) домашен фудбалер кој нема навршено 21 година.
4. Во натпреварувачката сезона 2026/27 година, право на настап како фудбалери до 21 година, во смисла на Пропозициите на Куп натпреварувањето, имаат сите фудбалери родени на 01.01.2005 година и подоцна.
5. Фудбалерите од став (3) на овој член, имаат право на настап како фудбалери под 21 година за времетраење на целата натпреварувачка година.
6. Клуб кој натпреварот го започне со фудбалер кој нема навршено 21 година, и истиот е исклучен и/или се искористени сите можности за измена, пропишани со Пропозициите за Прва МФЛ нема обврска натпреварот да го заврши со фудбалер кој нема навршено 21 година.

7. Доколку фудбалерот од став (1) е повреден треба да биде заменет со фудбалер до 21 година. Во случај да и тој фудбалер да се повреди, клубот нема обврска натпреварот да го заврши со фудбалер кој нема навршено 21 година.
8. Домашниот фудбалер од став (3), кој согласно правилата на ФИФА има право на настап и за странска репрезентација (на официјален и/или неофицијален натпревар), доколку пред или за времетраењето на првенството биде повикан и одбере да настапува за странската репрезентација, го губи статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година, до настап за селекција на ФФМ, кога повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.
9. Доколку фудбалер бил повикан и одбрал да настапува на официјален натпревар за странска репрезентација во некоја претходна сезона, со настап за селекција на ФФМ (на официјален и/или неофицијален натпревар со странска репрезентација), повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.
10. Во временски период од 48 (четириесет и осум) часа, фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња, од кои најмногу 2 (две) полувремиња за период од 24 (дваесет и четири) часа.

### *Член 10*

1. Секој клуб, пред почеток на натпреварувањето, мора да го извести органот кој го води натпреварувањето за боите на клубот.
2. Боите на спортската опрема 2 (две), со кои ќе настапува клубот, се внесува во КОМЕТ системот од страна на клубот. Бојата на опремата треба да биде: едната комбинација во светла боја, а другата комбинација во темна боја.
3. Во текот на периодот на натпреварување, не може да се направи промена на боите на клубот.
4. Фудбалерите кои настапуваат, на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот, и истите можат да бидат од 1 до 99, со тоа што со број 1 може да настапи само голман.
5. Спортската опрема за натпревар, на екипите и судиите, мора да се со различна боја.
6. Во случај екипите да излезат со иста боја на опрема или дел од опрема (дресови, шорцеви, штуцни), гостинскиот тим е должен да ја промени опремата која има иста боја.
7. Гостинската екипа должна е да носи 2 (два) пара опрема со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи 2 (два) пара опрема или и двете бои на дресовите не одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање 1 (еден) пар опрема со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот).
8. Опремата од претходниот став, по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.
9. Клубовите кои учествуваат во натпреварите од шеснаесетфинале до/и финале, а во тековното првенство 2026/27 се натпреваруваат во Прва или Втора МФЛ имаат обврска да се придржуваат и на одредбите за опрема од членовите 21а и 21б од Пропозициите за Прва

МФЛ.

***Член 11***

1. Во натпреварувачката сезона 2026/27, согласно правилата на игра на ИФАБ (IFAB), секоја екипа има право на замена на 5 (пет) наместо на 3 (три) фудбалери и најмногу 1 (една) замена за потрес на мозок.
2. Замените на фудбалерите, предвидени во став (1), може да се вршат во најмногу 3 (три) наврати за секоја екипа. Замената направена на полувреме не влегува во споменатите 3 (три) наврати.
3. Ако екипата не го искористила максималниот број на замени и/или наврати за замени, сите неискористени замени и наврати (можности) за замени може да ги користи во продолженијата на натпреварите, ако продолженијата се предвидени.
4. Замените направени пред почеток на продолжувањето или во паузата на продолжувањето, не се сметаат како искористени наврати (можности) за замена.
5. Во тековното КУП натпреварување, независно дали се искористени сите дозволени замени или не, доколку е предвидено да се играат продолженија (2 x 15 минути), клубовите за време на продолженијата имаат право на уште една дополнителна замена (шеста), која може да се изврши уште во 1 (еден) наврат.
6. Кога ќе се искористи замена за потрес на мозок, противничката екипа добива можност да изврши дополнителна замена од било која причина.

***Член 12***

1. Куп натпреварот се игра 2 x 45 минути, со пауза на полувремето од 15 (петнаесет) минути.
2. Главниот судија на натпреварот, согласно Правилата на фудбалска игра, може да врши надоместување на време.
3. Натпреварите се играат по еднострук КУП систем, односно по 1 (еден) натпревар.
4. Во случај на нерешен резултат заклучно со полуфиналните натпревари, заради добивање победник веднаш се преминува на изведување пенали.
5. Во случај на нерешен резултат на финалниот натпревар, заради добивање победник се играат продолженија (2 x 15 минути). Доколку и по одиграните продолженија нема победник, се преминува на изведување на пенали.

**НАТПРЕВАРУВАЊЕ ОД ШЕСНАЕСЕТФИНАЛЕ - ФИНАЛЕ, ТЕКОВНА СЕЗОНА 2026/2027**

***Член 13***

1. Натпреварувањето од шеснаесетфинале до финале, и финалниот натпревар, го раководи Комисијата за натпревари на ФФМ.
2. Клуб кој изборил пласман во шеснаесетфиналето, во случај на откажување во натамошниот тек на натпреварувањето (вклучувајќи го и шеснаесетфиналето), му се одземаат 3 (три) бода во рангот на натпревари во кој што се натпреварува.

3. Во шеснаесетфиналето за КУП натпреварувањето сезона 2026/2027, согласно член 28 од Пропозициите за КУП сезона 2025/2026, директно учество земаат 32 (триесет и две) екипи, на следниот начин:

   - 10 екипи од квалификациите во Третите лиги (по две екипи од Трета лига Север, Запад, Југозапад, Југ и Исток). Квалификациските натпревари, согласно член 3 од овие Пропозиции, раководени од ОФС/Регион кои се организирани во периодот по завршување на последното коло на Втора МФЛ до 14.06.2026 година.
   - 10 екипи од Прва МФЛ; сите екипи кои се натпреварувале во Прва МФЛ во натпреварувачката сезона која му претходи на Купот (2025/26), со исклучок на екипите кои се откажале од натпреварувањето или се дисквалификувани.
   - 12 екипи од Втора МФЛ; екипите пласирани од 1-12 место во Втора МФЛ во натпреварувачката сезона која му претходи на Купот (2025/26).

4. Доколку бројот на екипи кои се вклучуваат од став (3) на овој член е помал од предвидениот за 1 (една) или 2 (две) екипи, Комисијата за натпревари може да им даде предност на победникот или финалистите од претходното КУП натпреварување, на начин што истите ќе започнат со осминафинале.
5. Доколку бројот на екипи кои се вклучуваат од став (3) на овој член е помал од предвидениот за повеќе од 2 (две) екипи, Комисијата за натпревари може да им даде предност на полуфиналистите или екипите кои учествувале во претходен круг, по пат на ждреб.

### *Член 14*

1. Натпреварувачките парови се извлекуваат со ждреб, со приоритет.
2. Предност во извлекување на натпреварувачки броеви имаат клубовите од Прва МФЛ и четирите најдобро пласирани екипи од Втора МФЛ од претходната натпреварувачка година, при што истите извлекуваат броеви од 17 до 32.
3. Останатите клубовите во шеснаесетфиналето извлекуваат броеви од 1 до 16.
4. При извлекување на паровите за купот, домаќини се клубовите кои ги извлекле броевите од 1 до 16.

### *Член 15*

1. Во шеснаесетфиналето, натпреварите се играат по еднострук КУП систем, односно 1 (еден) натпревар.
2. Доколку натпреварот заврши со нерешен резултат веднаш се преминува на изведување пенали за добивање победник.
3. Трошоците на службените лица ги плаќа клубот-домаќин.
4. Во шеснаесетфиналните натпревари, доколку клубот-домаќин е од Трета или од пониските лиги, а за противник има екипа која била член на Првата МФЛ, трошоците за службените лица ги сноси клубот кој бил член на Првата МФЛ.
5. Во шеснаесет финалните натпревари, доколку клубот-домаќин е од Општинска лига, а за противник има екипа која била член на Втората МФЛ, трошоците за службените лица ги

сноси клубот кој бил член на Втората МФЛ.

6. Од шеснаесетфиналните натпревари па се до/и финалниот натпревар, натпреварите можат да се играат само на терени примени од орган на ФФМ, согласно Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ, за одигрување на натпревари во Прва и Втора МФЛ.

***Член 16***

1. Победниците од шеснаесетфиналето, по пат на ждреб, извлекуваат натпреварувачки парови за осминафиналето.
2. Во осминафиналето се игра по еднострук КУП систем, односно по 1 (еден) натпревар.
3. Доколку натпреварот заврши со нерешен резултат, се преминува веднаш на изведување пенали за добивање победник.

***Член 17***

1. Победниците од осминафиналето земаат учество во четвртфиналето.
2. Натпреварувачките парови во четвртфиналето се добиваат по пат на ждреб.
3. Во четвртфиналето се игра по еднострук КУП систем, односно по 1 (еден) натпревар.
4. Доколку натпреварот заврши со нерешен резултат, се преминува веднаш на изведување пенали за добивање победник.

***Член 18***

1. Победниците од четвртфиналето учествуваат во полуфиналните натпревари.
2. Натпреварувачките парови за полуфиналните натпревари се извлекуваат по пат на ждреб.
3. Во полуфиналето се игра по еднострук КУП систем, односно по 1 (еден) натпревар.
4. Доколку натпреварите завршат со нерешен резултат, се преминува веднаш на изведување пенали за добивање победник.
5. При носење судиски одлуки во спорни ситуации, согласно ВАР протоколот, главниот судија на полуфиналните натпревари ќе се служи со ВАР технологијата.
6. На полуфиналните натпревари, главниот и четвртиот судија треба да имаат и ВАР лиценца за терен.
7. Победниците од полуфиналните натпревари учествуваат во финалниот натпревар.

***Член 19***

1. Финалниот натпревар директно го организира Фудбалската Федерација на Македонија.
2. Местото, датумот и времето на одигрување на финалниот натпревар го определува УО на ФФМ.
3. При носење судиски одлуки во спорни ситуации, согласно ВАР протоколот, главниот судија на финалниот КУП натпревар ќе се служи со ВАР технологијата.
4. На финалниот КУП натпревар, главниот и четвртиот судија треба да имаат и ВАР лиценца за терен.

5. Со одлука на УО на ФФМ може да се делегира и петти судија (помошен) со ВАР лиценца за терен.

***Член 20***

1. Заради одредување позиција домаќин – гостин, од 1/16 финале до финале, по пат на ждреб се извлекуваат натпреварувачките парови.
2. Екипата која била домаќин во претходно одиграниот круг станува гостин во наредниот круг на натпревари, независно од позицијата при влечење на натпреварувачкиот пар.
3. Доколку и двете екипи во натпреварувачкиот пар во претходниот круг биле домаќини и/или двете биле гости, екипата извлечена со ждребот како домаќин останува домаќин.
4. Во случај на замена на позицијата домаќин во 1/16 финале, екипата и покрај тоа што одиграла како гостин, во наредниот круг ќе се смета дека била домаќин во претходниот круг.

***Член 21***

1. Ако финалниот натпревар заврши со нерешен резултат, натпреварот се продолжува 2 x 15 минути.
2. Доколку и по продолжение од 2 x 15 минути резултатот биде нерешен, се преминува на изведување пенали за добивање победник.

***Член 22***

1. За фудбалерите на кои второто полувреме од финалниот натпревар им е воедно трето полувреме во кое настапуваат за период од 48 (четириесет и осум) часа, настапот во продолжувањето на натпреварот од 2 x 15 минути се смета како дел од второто полувреме на финалниот натпревар.

***Член 23***

1. Победникот на финалниот КУП натпревар го освојува пехарот.
2. Пехарот е преоден и на него се пишува името на победникот.
3. Како траен спомен за освоениот КУП, победникот добива мал пехар со изглед на преодниот пехар.
4. Фудбалерите на двете екипи, стручните штабови, судиите, контролата на судењето и делегатот од финалниот натпревар добиваат соодветни медали (2 x 55) за учество на финалните КУП натпревари.

***Член 24***

1. Победникот на Купот се стекнува со право да учествува во натпреварување на УЕФА, доколку ги има исполнето условите за добивање лиценца за УЕФА натпреварување.
2. Во случај освојувачот на Купот да е првопласираната екипа во првенството, ќе се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари на ФФМ, во согласност со правилата на УЕФА.

***Член 25***

1. ТВ правата и други маркетиншки права од финалниот натпревар ги има Фудбалската

Федерација на Македонија.

2. Клубовите финалисти и ФФМ можат да договорат трошоците и приходите да ги делат рамноправно. Во спротивно, трошоците и приходите се на терет, односно во полза на организаторот - ФФМ.

***Член 26***

1. Доколку натпреварот се игра со присуство на публика, а во случај на направена материјална штета од навивачките групи, истата целосно ја сноси клубот организатор на навивачките групи, односно клубот чии поддржувачи се навивачките групи, за што се составува записник на кој присуствуваат овластени лица од ФФМ.
2. За евентуално несогласување со ваквиот записник, клубот може да побара увид на штетата на лице место преку свој претставник.
3. Клубот одговара за неодговорното и неспортско однесување на сите свои членови, функционери и гости.

**КУП 2027/28 (квалификации за КУП 2027/28 - натпреварување до 1/16 финале)**

***Член 27***

1. Во зависност од бројот на ОФС кои територијално припаѓаат на одреден Регион, Регионот согласно овие Пропозициите за КУП натпреварување, организира квалификации за Куп натпреварување за натпреварувачка сезона 2027/2028 за да добие по 2 (два) претставника кои продолжуваат во шеснаесетфинале.
2. Пријавата за Куп квалификации, клубовите наведени подоле треба да ја поднесат до надлежниот Регион најдоцна до 01.05. во сезоната во која се спроведуваат квалификациите за наредното Куп-натпреварување.
3. Во квалификациите за шеснаесетфинале КУП-натпреварување 2027/2028 (наредна сезона) можат да се пријават:
   - клубови кои со своите сениорски екипи настапувале во општинското првенство, доколку продолжат со првенственото натпреварување на ОФС во наредната сезона;
   - клубови регистрирани во КОМЕТ системот кои не биле вклучени во тековното првенствено натпреварување, доколку доставиле пријава за натпреварување за наредната натпреварувачка сезона 2027/2028, кое го организира ОФС;
   - клубови кои се натпреваруваат во Третата лига во тековната натпреварувачка сезона 2026/2027;
   - клубови (второлигаши) кои оствариле пласман од 11-14 место на табелата од Втора МФЛ, согласно Пропозициите за натпреварување во натпреварувачка сезона 2026/2027, а територијално гравитираат во соодветниот Регион.

***Член 28***

1. Регионот, во соработка со ОФС, во зависност од бројот на пријавени екипи, организира КУП натпреварување до шеснаесетфинале.

2. Во зависност од резултатите од спроведените квалификации за Куп, Управниот одбор на Регионот (Третата лига) носи одлука кои екипи се пласирале и ја известува Комисијата за натпреварување на ФФМ.

3. Доколку, од причини поврзани со виша сила, квалификациите не можеле во целост да се спроведат, Управниот одбор на Регионот може, согласно однапред утврдени критериуми или ждреб, да донесе одлука кои екипи ќе учествуваат во шеснаесетфиналните натпревари.

4. Одлуката треба да се достави најдоцна до 14.06. во сезоната во која се спроведуват квалификациите за Куп.

**ШЕСНАЕСЕТФИНАЛЕ 2027/2028**

***Член 29***

1. Во шеснаесетфиналето за наредното КУП натпреварување за натпреварувачка сезона 2027/2028 директно учество земаат 32 (триесет и две) екипи, и тоа на следниот начин:

   - 12 (дванаесет) екипи од квалификациите во шесте Трети лиги (по две екипи од Регион 1, 2, 3, 4, 5 и 6); квалификациските натпревари, согласно член 3 од овие Пропозиции, раководени од ОФС/Регион, треба да се организираат во периодот по завршување на последното коло на Втора МФЛ до 01.06.2027 година;

   - 10 (десет) екипи од Прва МФЛ; (сите екипи кои се натпреварувале во Прва МФЛ (10) во натпреварувачката сезона која му претходи на Купот - сезона 2026/27);

   - 10 (десет) екипи од Втора МФЛ; (екипите пласирани од 1-10-то место во Втора МФЛ (10) во натпреварувачката сезона која му претходи на Купот – сезона 2026/27).

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

***Член 30***

1. Овие Пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување.

2. За се што не е предвидено со овие Пропозиции ке се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ, Пропозициите на соодветните натпреварувања, како и останатите правилници и прописи на ФФМ.

3. Одредбите од член 19 од овие Пропозиции, кои се однесуваат на користење на ВАР технологијата на финалниот Куп натпревар, стапуваат на сила по донесување на одлука на Управниот одбор на ФФМ за отпочнување со користење на ВАР технологијата во Прва МФЛ и добивање одобрение од ФИФА.

4. Толкување на овие Пропозиции дава Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.